# Вакцинација против хепатит Б при раѓање

## Информации за бремени жени

Вакцината против хепатит Б може да го заштити вашето бебе од доживотна болест, сериозно заболување на црниот дроб и рак на црниот дроб.

## Зошто на моето бебе му треба вакцина против хепатит Б при раѓањето?

Вакцинацијата се препорачува во првите 24 часа по раѓањето, за да се:

- спречи пренесување на вирусот на бебето од неговата мајка или од некое заразено лице кое е близок контакт
- намали ризикот вашето дете да заболи од хроничен хепатит Б.

Вакцината исто така може да се даде во првите 7 дена на животот. За трајна заштита, се даваат дополнителни дози како дел од рутинскиот распоред на имунизација на бебињата.

Вакцината е бесплатна во рамките на Националната програма за имунизација.

## Дали вакцината против хепатит Б е безбедна?

**Да.** Вакцината против хепатит Б е безбедна за новороденчиња.

Повеќе од 90 проценти новороденчињата во Викторија ја примаат вакцината против хепатит Б.

Вакцината не влијае на доењето, а придружните ефекти се благи - на пример, црвенило или оток на местото на давањето инјекција.

## Што ако моето бебе се роди предвреме?

За предвремено родените бебиња (помалку од 32 недели бременост) или оние со мала тежина (помалку од 2 000 грама) се препорачува да добијат дополнителна доза на вакцината на возраст од 12 месеци заради трајна заштита.

## Што е хепатит Б?

Хепатит Б е многу заразен вирус кој влијае на црниот дроб. Некои возрасни можат да се борат со заразата и да закрепнат, но кај бебињата и малите деца тоа може да стане хронична (доживотна) болест што може да предизвика заболување и рак на црниот дроб.

Симптомите на хепатит Б вклучуваат:

- треска
- измореност

- губење апетит
- гадење
- повраќање
- жолта кожа и очи
- болки во мускулите и артритис во зглобовите.

Кај бебињата и децата помлади од 5 години често не се јавуваат симптоми.

## Како се пренесува вирусот на хепатит Б?

Вирусот на хепатит Б е многу заразен и се пренесува преку крвта и телесните течности на заразеното лице.

Бебињата и децата може да се заразат со вирусот на хепатит Б:

- кога се раѓаат, од мајка која има хепатит Б
- преку телесна течност од мали оштетувања на кожата или ранички во устата, од лице кое е близок контакт и има хепатит Б.

Многу луѓе не се свесни дека имаат хепатит Б и го пренесуваат на други.

## Што ако сум позитивен на хепатит Б?

Ако имате хроничен хепатит Б, на вашето бебе му треба специјална нега кога ќе се роди. Покрај вакцината против хепатит Б, се препорачува лекот наречен „хепатит Б имуноглобулин“. Овие две инјекции му даваат дополнителна заштита на вашето бебе против вирусот на хепатит Б. Двете инјекции треба да се дадат во првите 12 часа по раѓањето.

**Запомнете** – вие и вашето бебе треба да одите на редовни прегледи кај специјалист за хепатит.

## Дали треба да се тестирам за хепатит Б за време на бременоста?

**Да.** Сите жени треба да се тестираат за хепатит Б во текот на рутинските труднички прегледи. Ако сте бремени и имате хепатит Б, треба да се прегледате кај доктор за хепатит. Можеби ќе треба да земате лек што ќе ги намали можностите да го пренесете вирусот на вашето бебе при породувањето.

**За повеќе информации за вакцинацијата против хепатит Б при раѓање разговарајте со вашиот доктор, бабицата или лицето/установата за имунизација.**

## Повеќе информации

- MumBubVax <http://www.health.gov.au/news/mumbubvax-new-website-for-expectant-parents>
- Споделување на знаење за имунизација (SKAI) <https://talkingaboutimmunisation.org.au/>
- Распоред на Националната програма за имунизација <https://www.health.gov.au/health-topics/immunisation/immunisation-throughout-life/national-immunisation-program-schedule>
- Better Health Channel: Хепатит Б - Имунизација <http://www.betterhealth.vic.gov.au/health/healthyliving/hepatitis-b-immunisation>

За информации за вакцинацијата против хепатит Б при раѓање на друг јазик, видете на Health Translations <https://healthtranslations.vic.gov.au>

Исто така, може да се јавите кај службата за превод и толкување на 131 450.

За да го добиете овој документ во друг формат, пратете е-пошта кај Тимот за имунизација на <immunisation@health.vic.gov.au>.

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Мелбурн.

© Држава Викторија, Австралија, Министерство за здравство, декември 2021 г.